Утрински Весник
Број 1910 понеделник, 16 октомври 2006

## Незадоволни од одлуката на Министерството за труд и социјална политика
## Раселените матејчани почнаа штрајк со глад

### Со раселените се солидаризираа и пратениците Иван Стоиљковиќ и Иван Атанасовски, кои сметаат дека тие со право се револтирани



КУМАНОВО - Откако вчера изутрина беа симнати од списокот за појадок, 17 лица од привремено раселените граѓани од Матејче, Ропаљце и Опае, сместени во колективните центри во хотелите „Ку-ба° и „Кристал° во Куманово, нивниот Координативен одбор прогласи штрајк со глад за сите 170 лица сместени во овие два објекта. „Сите корисници на помошта на државата во колективните центри во Куманово се солидаризираат со првите педесет луѓе кои треба да ги напуштат центрите со образложение од Министерството за труд и социјална политика дека ги продале своите куќи и имоти и си обезбедиле сопствени куќи и станови во Куманово или во Скопје. Прогласуваме солидарен штрајк со глад и од денес нема да ги примаме оброците што ги плаќа Министерството за труд и социјална политика во знак на револт и непризнавање на податоците до кои дошол министерот Стевчо Јакимовски со помош на СВР-Куманово", категорични се водачите на Координативниот одбор, Мирослав Младеновиќ, Савре Бојловиќ и Иван Цветковски.

Собирот на раселените во салата на „Кристал° вчера го посетија пратениците Иван Стоиљковиќ и Иван Атанасовски. „Раселените со право се револтирани, меѓутоа не гледам решение со протестни собири на кои се бара одговор од пратеници. Единствено надлежен фактор во случајов е Министерството за труд и социјална политика и денес пред гневот на овие луѓе требаше да застане министерот Стевчо Јакимовски и да се договори со раселените. Потегот на ова Министерство да симнува од евиденција раселени лица за кои тврди дека ги продале своите куќи во Матејче или Ропаљце е притисок за тие да се вратат во своите родни места. Меѓутоа, тврдам дека за такво нешто сѐ уште не се создадени услови, бидејќи Србите и Македонците се непожелни од страна на нивните довчерашни сожители - Албанци. Не може туку-така без храна да се остават 170 луѓе, ние како пратеници ќе се обидеме ова прашање да го наметнеме во парламентот во најостра форма°, изјави пратеникот Иван Стоиљковиќ. Синот на раселениот Стојанче Стојчевиќ, покажувајќи го решението за отпишување на неговиот татко поради тоа што купил стан, јавно го повикува министерот Стевчо Јакимовски да го пронајде тој стан, по што татко му веднаш ќе ги напушти просториите во хотелот „Кристал°. (Ст.Б.)